АФПЗРР
www.ipardpa.gov.mk

**АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ**

# Потпишан Меморандум за соработка помеѓу Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и Академијата за судии и јавни обвинители



Денес во просториите на Академијата за судии и јавни обвинители директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој г-дин Тони Димовски и директорот на Академијата за судии и јавни обвинители г-ѓа Анета Арнаудовска потпишаа Меморандум за соработка во функција на унапредување на соработката од заеднички интерес која ќе резултира со понатамошни советувања на различни теми поврзани со искористување на ИПАРД фондовите за што е надлежна Агенцијата .



По потпишувањето на Меморандумот за соработка , се одржа советување на тема Можни спорови во врска со искористување на ИПАРД фондовите, каде што целна група на учесници беа судиите и советниците /судските соработници од Вишиот управен суд, Управниот суд како и од одделите за трговски спорови и граѓанските оддели на судовите, претставници на Државното правобранителство на Република Македонија и Агнецијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

Целта на советувањето е размена на мислења и искуства помеѓу релевантните фактори како и разјаснување на евентуални прашања и дилеми кои се појавуваат при имплементација на регулативата во областа.




Во рамки на советувањето се прегледаа основите на ИПА, одредбите на националното законодавство кои ја регулираат предметната материја и одредбите од ЕУ законодавството за предметната линија, карактеристики на управната постапка при одобрување на средства од ИПАРД Програмата и можни спорови и надлежноста на судовите. Се отворија нови теми кои ќе резултираат со организирање на понатамошни советувања од интерес на двете страни.